Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година

Скопје, декември 2021 година

**З А П И С Н И К**

**од Сто триесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2021 година**

Седницата започна во 14:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Трајан Димковски, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Симона Зориќ Ристова, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Владимир Поповски, претставник од Министерството за култура.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година

2. Информација за доставување на Проект за основање на нова единица „Факултет за здравствени науки“ при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високото образование, доставено од страна на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог-одлука

3. Информација во врска со реализацијата на Договорот за изградба на објект со скулптурална композиција во Скопје склучен помеѓу Министерството за култура и ДГ Бетон АД Скопје

4. Материјал во врска со реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Дамко енерџи С.А. бр. 08-1318/1 од 31.3.2021 година и Меморандум за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. бр. 08-1317/1 од 31.3.2021 година, со Предлог-одлука

5. Известувања за проблемите со снабдување со топлинска енергија (ТЕ-ТО АД Скопје и Балкан енерџи груп - БЕГ) и Известување/одговор од Регулаторната комисија за енергетика

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

8. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

9. Предлог-одлуки за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

10. Информација за давање на согласност за склучување на анекс договори за користење-концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/21

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод лот 1 делница Клечовце – Неготино за приклучок кон постоечкиот гасовод на блок станица – Клечовце со мерна станица, со Предлог-одлука

12. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на изградба на магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци – Битола – од км 7+800.00 до км 9+300.00 КО Шивец, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

13. Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2022 година

14. Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2022 година

15. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2022 година

16. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година

17. Предлог-програма за научно-истражувачката дејност за 2022 година

18. Предлог-закон за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка

19. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на ГАМА Гуч системлери мехндислик ве таахнут А.Ш.

20. Информација за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука

21. Информација за усвојување на тендерска документација за втора фаза во постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Тендерска документација

22. Информација за проблеми при вршење превоз на стоки од страна на македонските превозници во Република Косово

23. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

24. Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Проект за основање на нова единица „Факултет за здравствени науки“ при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, согласно Законот за високото образование, доставено од страна на Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, со Предлог –одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа Факултет за здравствени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на Договорот за изградба на објект со скулптурална композиција во Скопје склучен помеѓу Министерството за култура и ДГ Бетон АД Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да пристапи кон вонсудско регулирање на заемните побарувања помеѓу Министерството за култура и ДГ Бетон АД Скопје произлезени од склучениот Договор за изградба на објект со скулптурална композиција, заведен со број 0307-12145 од 1.9.2015 година и бр. 0307-10260 од 25.7.2016 година кај ДГ Бетон АД Скопје и бр. 52-6889/24 од 1.9.2015 година и бр. 49-715/39 од 24.7.2016 година кај Министерството за култура.

2. Се задолжува Министерството за култура предложената спогодба да ја склучи до крајот на 2021 година и истата да ја реализира во рамките на расположивите средства во буџетот на Министерството за култура за 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за култура, по реализацијата на спогодбата, да го раскине Договорот за изградба на објект со скулптурална композиција во Скопје, заведен со број 0307-12145 од 1.9.2015 година и бр. 0307-10260 од 25.7.2016 година кај ДГ Бетон АД Скопје и бр. 52-6889/24 од 1.9.2015 година и бр. 49-715/39 од 24.7.2016 година кај Министерството за култура.

4. Се задолжува Министерството за култура да достави до Владата предлог за понатамошна реализација на започнатата градба, во рок од 60 дена.

**Точка 4**

Владата повторно го разгледа Материјалот во врска со реализација на Меморандумот за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Дамко енерџи С.А. бр. 08-1318/1 од 31.3.2021 година и Меморандум за разбирање склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. бр. 08-1317/1 од 31.3.2021 година, со Предлог-одлука и притоа дополнително ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство, изнесени на седницата на Владата.

2. Средствата потребни за реализација на овие проекти каде што Република Северна Македонија учествува со 10% во гасниот терминал и 25% во гасната централа на природен гас, закуп на капацитетите на гасниот терминал Александрополис, обезбедување на количини на гас и сл, во иднина Владата ќе ги обезбедува од дополнителните средства, а не од сопствени извори на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси, во државна сопственост.

**Точка 5**

Владата ги симна од дневен ред Известувањата за проблемите со снабдување со топлинска енергија (ТЕ-ТО АД Скопје и Балкан енерџи груп - БЕГ) и Известувањето/одговор од Регулаторната комисија за енергетика.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

**1.** Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, Собранието на Република Северна Македонија, како и Судската власт:

1) Да ги подмират/исплатат сите доспеани долгови за електрична енергија кон добавувачот на електрична енергија со кој имаат склучено договори, од сопствените сметки и програми/сопствениот буџет за 2021 година.

2) Во текот на денешниот ден (30 декември 2021 година) до Министерството за финансии да доставаат барање за пренамена/прераспределба на средства во рамките на сопствените буџети (од нереализирани средства од сопствениот буџет за 2021 година), за кои Министерството за финансии ќе даде одобрување, со цел во текот на утрешниот ден (31 декември 2021 година) да се подмират/исплатат сите доспеани долгови за електрична енергија кон добавувачите на електрична енергија со кои

имаат склучено договори, согласно Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**2.** Владата во врска со Барањето за итна потреба од државна помош за зачувување на ликвидноста во електро-енергетскиот сектор во Република Северна Македонија, поднесено од ЕВН Македонија АД Скопје, заклучи дека истото е надминато со донесените одлуки на Владата, од седницата одржана на 30 декември 2021 година како и Заклучокот од оваа седница, со кој се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и сите останати државни институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, Собранието на Република Северна Македонија, како и Судската власт, да ги подмират/исплатат сите доспеани долгови за електрична енергија кон добавувачот на електрична енергија со кој имаат склучено договори, од сопствените сметки и програми/сопствениот буџет за 2021 година.

**3.** Владата го разгледа Барањето решение за надминување на опасноста за прекини во континуитетот на давањето на водни услуги, како резултат на кризата со снабдување со електрична енергија кај јавните комунални претпријатија доставено од Здружението на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија АДКОМ под бр.0302-48/21 од 28.12.2021 година и заклучи Здружението на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија АДКОМ Барањето да го достави до Заедницата на единиците на локалната самоуправа, а Заедницата на единиците на локалната самоуправа да достави соодветна информација/предлог до Владата.

**4.** Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на буџетските програми и капиталните инвестиции од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**5.** Владата го разгледа Барањето насоки за понатамошни постапувања, доставено од Градски трговски центар А.Д. – Скопје, под бр.0306-4404/1 од 29 ноември 2021 година и заклучи Градски трговски центар А.Д. – Скопје истото да го достави до АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје.

**6.** Владата го разгледа Барањето на Шаховска федерација на Република Северна Македонија за доделување на простор за нивните потреби и заклучи Шаховска федерација на Северна Македонија да даде конкретен предлог деловен простор кој е во сопственост на Република Северна Македонија, со цел Владата на Република Северна Македонија да даде деловен простор на користење на Федерацијата, без надоместок.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 декември 2021 година до 29 декември 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ги донесе:

- Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Комисија за хартии од вредност, Централен регистар на Република Северна Македонија и Централен депозитар за хартии од вредност).
- Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта- Скопје).
- Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Друштвото „Фабрика за шински возила" ДООЕЛ – Велес).
- Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Спортски центар „Борис Трајковски"- Скопје) и
- Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година (за Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД – Скопје), во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и да достави Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија (за АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје) која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

За ова, се задолжува АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост - Скопје да преземе соодветни активности за докапитализација на добиените средства од страна на Владата.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за склучување на анекс договори за користење концесија на дивечот во ловиштата согласно Законот за дополнување на Законот за ловството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.283/21), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да ја дополни Информацијата согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод лот 1 делница Клечовце - Неготино за приклучок кон постоечкиот гасовод на блок станица - Клечовце со мерна станица, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на изградба на магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци - Битола - од км 7+800.00 до км 9+300.00 КО Шивец, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2022 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2022 година, за наредната седница на Владата.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за научно - истражувачката дејност за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Во врска со Предлогот на закон за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка, утврден на седницата на Владата одржана 28.12.2021 година, секретарот на Секретаријатот за законодавство информираше дека е усогласен текстот на Предлогот на закон, но потребно е дополнително усогласување во однос на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, кореспондентните табели и Мислењето на Секретаријатот за законодавство за Изјавата за усогласеност со кореспондентната табела со прописот.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на ГАМА Гуч системлери мехндислик ве таахнут А.Ш. и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот за одлагање на роковите за одговор на Барањето за поведување на арбитражна постапка, а со цел да се заврши постапката за ангажирање на меѓународна адвокатска канцеларија.

2. Го прифати предлогот за достава на Допис до Секретаријатот на Меѓународниот арбитражен суд ( ICC –International Court of arbitration ) со барање за одлагање на рокот за одговор на Барањето за поведување на арбитражна постапка, а доколку не биде прифатен предлогот за одлагање на роковите од страна на правните застапници на тужителот.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции Фатмир Битиќи, најдоцна во рок од 15 дена по усвојувањето на оваа информација, да свика состанок на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори на кој ќе се разгледа предметот и ќе се состави предлог - листа на меѓународни адвокатски куќи и за тоа да достави информација до Владата на Република Северна Македонија по претходна консултација со експерти од областа.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на тендерска документација за втора фаза во постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за втора фаза во постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за проблеми при вршење превоз на стоки од страна на македонските превозници во Република Косово, како материјал за информирање.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**